# АЛАРМ 26

# ШТО МОЖЕ ДА ИМАМЕ АКО НЕМАМЕ ПАНОРАМСКО ТРКАЛО?

**Делумен преглед на податоци за активни апели за донации на www.donacii.mk**
Податоци од 13.03.2015

- **А.М.** ТРАНСПЛАТАЦИЈА НА МАТИЧНИ КЛЕТКИ **25.000€**
- **Д.Н.** ТЕРАПИЈА ЗА КАРЦИНОМ НА ДЕБЕЛО ЦРЕВО **12.000€**
- **М.С.** (2,5 ГОДИНИ) ПРОБЛЕМ СО ВИД (ПОВЕЌЕКРАТНА ИНТЕРВЕНЦИЈА) **6.000€**
- **М.П.** (9 ГОДИНИ) **16.000€**
- **Н.М.** НАПРЕДНА ЛЕУКЕМИЈА **120.000€**
- **А.С.** РЕХАБИЛИТАЦИЈА **6.000€**
- **С.С.** (46 ГОДИНИ) КАРЦИНОМ НА ЦРН ДРОБ **15.000€**
- **Б.Ѓ.** (26 ГОДИНИ) ОПЕРАЦИЈА НА МРТВИ КОСКИ НА НОЗЕТЕ **15.000€**
- **Ј.** ЕПИЛЕПТИЧНА ЕНЦЕЛОПАТИЈА **6.000€**
- **С.Ѓ.** ОПЕРАТИВЕН ЗАФАТ НА ‘РБЕТЕН СТОЛБ **28.000€**
- **Д.З.** ПОЛИАРТРИТИС **40.000€** ГОДИШНО
- **Ш.З.** (7 ГОДИНИ) КАРЦИНОМ НА КОСКИ **120.000€**
- **Р.Б.** ОПЕРАЦИЈА НА СЛЕПООЧЕН ХЕМАНГИОМ **6.000€**
- **Б.Ј.** МАЛИГНЕН МЕЛАНОМ **10.000€**

## Со 19 МИЛИОНИ ЕВРА

**потребни за изградба на едно панорамско тркало, може:**



- **да се решат преку 300 медицински случаи за да не завршат како малата Тамара;**
- **да се одговори на секојдневните апели за помош за итни медицински интервенции во земјата и во странство;**
- **да се обезбеди неопходната континуирана терапија, како и медицинска и социјална поддршка за болните од ретки болести. Околу 1.200 поединци во земјава се лекуваат од преку 44 ретки болести. Само една доза од еден лек може да чини помеѓу 2.000 и 400.000 евра, а состојбите обично налагаат третмани со повеќе од еден лек и постојана социјална помош и поддршка.**



Од 19-те милиони евра јавни пари, со добро насочени социјални политики во следниот период, може **ДА СЕ НАМАЛИ ПРОЦЕНТОТ НА ГРАЃАНИ КОИ ЖИВЕАТ ВО АПСОЛУТНА СИРОМАШТИЈА СО ПОМАЛКУ ОД 2 АМЕРИКАНСКИ ДОЛАРИ НА ДЕН**. Во 2006 година, апсолутната сиромаштија била 4,6%, а во 2010 достигнала 9,1%. Податоци за 2007 година и за периодот 2011-2014 сè уште нема.

Или, за пет години, период за колку што ќе се гради панорамското тркало, со околу 3,8 милиони евра годишно, исто така може **ДА СЕ РЕНОВИРААТ НЕКОЛКУ СТУДЕНТСКИ И УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ ИЛИ МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТРИ И БОЛНИЦИ, ИЛИ ДА СЕ ИЗГРАДАТ НЕКОЛКУ ДЕСЕТИЦИ КИЛОМЕТРИ ПАТ.**

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА